Д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова била избрана за демонстратор по предметите светска книжевност и книжевност за деца при Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на 25.2.2004 година, а од летниот семестар 2006/2007 и на предметот нова македонска книжевност.

До мај 2008 година била ангажирана како демонстратор, а на 23.6.2008 година била избрана за помлад асистент по предметот нова македонска книжевност на истата катедра. На 9.12.2009 година е првпат избрана во звањето асистент на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности во областа македонска книжевност и јужнословенски книжевности, односно на предметите: нова македонска книжевност –преродба, нова македонска книжевност – романтизам и реализам, македонска книжевност 19 век 1 и 2, светска книжевност 1 и 2, светска книжевност за деца, македонска и јужнословенски книжевности за деца и книжевност за деца 1 и 2.

Во моментов е асистент на предметите: Книжевна генологија – македонски 19 век 1 и 2, книжевност за деца 1 и 2, светска книжевност 1 и 2 и македонска култура и цивилизација 1 и 2. Последниот реферат за избор (реизбор во звањето асистент) е објавен во Билтен бр. 1038 од 14.9.2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен/билтени бр. 942, 973 и 1038 како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 12. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, кандидатката д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова изведува вежби на прв циклус студии на студиската програма за македонска книжевност и јужнословенски книжевности и на модулот македонски културолошки студии, како и консултации по соодветните предмети.

Кандидатката учествувала како член во Комисија за оцена/или одбрана на 29 дипломски трудови, што самото по себе покажува дека нејзиното искуство расте од час во час и дека, доколку биде избрана во предложеното звање, многу брзо нејзиното знаење ќе се покаже и при одбрана на повисоки степени на образованието – одбрана на магистерски или докторски трудови.

Конкретните активности на кандидатката се наведени во табелата во Анекс 2. Но, Рецензентската комисија во оваа прилика сака да истакне дека во секоја своја активност во наставно-образовната дејност, кандидатката д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова покажала исклучителен педагошки и научен капацитет. Нејзините вежби по соодветните предмети се одликуваат со прецизно водени текст-методи, со системот на детално читање (close-reading system), со изострени и детални стилско-реторички анализи на текстовите и на културолошките феномени

кои се предмет на нејзината анализа. Таа тој свој прецизен, иманентен метод на пристап кон текстовите на културата и книжевностите со кои се занимава, го комбинира редовно со најактуелните „надворешни“ пристапи и методологии, кои ги осветлуваат книжевните и културолошки феномени и од социолошка, културолошка, психолошка, семиотичка и филозофска перспектива. Со други зборови, нејзините вежби наликуваат на вистински мали филолошко-културолошки херменевтички етиди, во кои се преиспитува секој детаљ во текстот: секој откршок, секој фрагмент добива интерпретација во духот на холизмот не само на структурата на текстот туку и во рамките на културолошката целина во која текстот се јавува со својот специфичен генотип: се трага дури и по фенотиповите на стилемите и на другите текстовни маркери кои се предмет на нејзиниот интерес. Со тоа, нејзините вежби стануваат еден вид корелат на предавањата, односно комплемент без кои предавањата по соодветните предмети/дисциплини би биле само сувопарно предавање на предвидениот материјал.

Свесни дека овде говориме за начинот на кој кандидатката д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова ги изведува своите вежби, сметаме дека со мирно срце можеме да кажеме дека тоа се **други, вонредни активности кои припаѓаат кон наставно-образовната дејност**. Кандидатката со никаков правен акт не е обврзана толку детално, минуциозно и перфекционистички да ги изведува своите часови по вежби, и затоа Комисијата посебно го истакнува **методот** на нејзината наставно-образовна дејност, како исклучителен чин на образование и како високо стандардизиран пример за тоа како треба да се одржи час по вежби од областите со кои се занимава, односно од кои е избрана да изведува вежби.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова има објавено вкупно 25 научни трудови од соодветната област, од кои еден научен труд во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание), еден труд во меѓународно научно списание, девет труда во зборници од научни собири, седум труда со оригинални резултати, објавени во научно/стручно списание, три труда со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание и четири труда во зборник на трудови на високообразовна институција. Учествувала на дванаесет научни/стручни собири (дел од нив и со меѓународно учество) со свој реферат.

Насловите на трудовите на д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова се наведени во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Рецензентската комисија сака, во оваа прилика, да укаже најпрвин на импозантната бројка од 25 високо стручни научни трудови, како и на една библиографска единица – книга под наслов *Бахтин и стилското разногласие во македонската литература* („Македоника литера“, Скопје, 2015). Комисијата посебно сака да го истакне фактот дека кандидатката д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова е едно од најеминентните и најпотврдените имиња на нашата филологија и културологија, од редот на најновиот бран нејзини проучувачи, а допрва се наоѓа на стартот на својата научна кариера. Дури и само површен поглед врз насловите на нејзините трудови покажува дека таа има исклучително широк дијапазон на интерес. Тие нејзини научни интереси можат да се класираат во неколку целини: а) интерес за нејзината потесна научна област – македонската книжевност од 19 век (Ѓорѓија Пулевски, Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ, Јордан Хаџи Константинов Џинот, Григор Прличев); б) јужнословенски книжевен контекст (Његош, Данило Киш); в) македонска книжевност од дваесеттиот век (Блаже Конески, Живко Чинго, Јадранка Владова, Крсте Чачански) в) светска книжевност (Аристофан, Сервантес) и г) книжевни теории, методологии и културологија (фантастиката како теоретски феномен, феминистичко-психолошки и културолошки аспекти на женскоста, хетероглосијата на Бахтин и незината мутација кај неговите наследници,

интертекстуалноста, наратологијата видена низ призмата на Атанас Вангелов, карневализацијата, пародијата, поимот на историскиот и културниот идентитет, поимот на вистината и веродостојноста во книжевната структура, хронотопијата, поимот на феноменолошката субјективност во филозофијата и литературата, поимот на културната историја, формите на симболичко толкување на културата низ дијахрониски аспект, посебно кај Блаже Конески, херменевтиката, гроескното, идеологијата на книжевниот текст...). Сето ова говори дека кандидатката, без разлика за кое научно подрачје се зафаќа, **постојано дава нови придонеси кон теориите за текстот и културата**, односно дека постојано функционира како **буден и исклучително едуциран теоретичар** кој детално и минуциозно ги следи сите промени и иновации на полето на теоретските дискурси посветени на книжевниот текст, како и на „јавните дискурси" како што се јавното мислење, историјата, идентитетот. Посебно е видлив нејзиниот бахтиновски происход во толкувањата на овие сложени теоретски и филозофски феномени. Комисијата посебно сака да укаже на нејзините трудови напишани на англиски јазик, во кои кандидатката расправа за светски теоретски аксиологии и методологии, со еден жив научен, често и полемичен јазик, во кој доминира „вкрстена" аргументација од најразлични методолошки области.

Со сето тоа, д-р Искра Тасевска Хаџи Бошкова се наметнува како приоритетно име на нашата филологија и културологија, не само од својата генерација, туку и во целина, кога се имаат предвид научноистражувачките капацитети на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. Така, тие нејзини „други активности" во рамките на научно-истражувачката дејност далеку ги надминуваат компетенциите кои се потребни за избор во звањата за кои се предлага.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова го положила лекторскиот испит при Министерството за култура на Република Македонија на 25.9.2006 година и оттогаш лекторирала 30 книги на македонски јазик. Во март 2015 година објавила книга од соодветната научна област под наслов „Бахтин и стилското разногласие во македонската книжевност".

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје:

- Комисија за попис на библиотечниот фонд при Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности (2009, 2010 и 2012 година);
- Комисија за избор на најдобар есеј по повод патрониот празник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во декември 2013.
- член на Штабот за заштита и спасување при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" од јуни 2014.

Она што е посебно фасцинантно во обласа на стручно-апликативната дејност на кандидатката д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова е импознатниот број од 30 (!) лекторирани книги, врз основа на стекната лиценца за положен лектор по македонски јазик. Ова докажува дека кандидатката има еруптивна работна енергија – покрај нејзиното занимавање со македонската книжевност во обем од два века (деветнаесетти и дваесетти), со јужнословенските книжевности, со светската книжевност и посебно – со теоријата на книжевноста и теоријата на културата (културолошки студии), таа нашла доволно време да му се посвети и на македонскиот јазик, и на неговата чистота и стилски можности, како лектор на 30 библиографски единици!

Комисијата сака да го изрази и своето нескриено воодушевување од нејзината книга *Бахтин и стилското разногласие во македонската литература*, објавена неодамна (2015, Скопје,

„Македоника литера"). Тоа е книга за која допрва ќе се пишува, затоа што онака како што Јуриј Тињанов, во формалистички дух пишуваше за тоа кои сè автори излегоа од под шинелот на Гогољ (мислејќи на неговата уникатна проза „Шинел"), така и нашата кандидатка пишува кои сè македонски автори можат да се сметаат за излезени од поимот на хетероглосијата на Бахтин. На сите кои се разбираат од оваа област им е целосно јасно дека станува збор за категорија (разногласие) со која се означува вистинскиот почеток на секоја национална книжевност, односно – проза. Во таа смисла, а без да прејудицираме, сметаме дека оваа книга означува почеток не само на еден индивидуален научен ексклузивен талент, туку и на нови, истражувачки и преиспитувачки тонови во македонската филологија и културологија. Тоа е сосема доволно за Рецензентската комисија да заклучи дека во името на д-р Искра Тасевска Хаџи Бошкова добиваме и исклучителен, маркантен лик на само во научната, туку и во стручно-апликативната дејност.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Филолошкиот факултет.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето доцент во научната област македонска книжевност и јужнословенски книжевности по предметите: книжевна генологија – македонски 19 век 1, книжевна генологија – македонски 19 век 2, предмети од облата на македонската книжевнос и јужнословенските книжевности (втор изборен модул) и предмети од македонските културолошки студии (втор изборен модул).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова да биде избрана во звањето доцент во научната област македонска книжевност и јужнословенски книжевности.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**1. Проф. д-р Венко Андоновски, с.р**

**2. Проф. д-р Добрила Миловска, с.р**

**3. Проф. д-р Кристина Николовска, с.р**

<u>*Анекс 2*</u>

ОБРАЗЕЦ

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Искра Илија Тасевска Хаџи-Бошкова**
**Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје**
**Научна област: наука за книжевноста, македонска книжевност и јужнословенски книжевности**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на вежби на прв циклус студии** | |
| 1. | Летен семестар 2003/2004: вежби по предметите светска книжевност (0+2) и книжевност за деца (0+2) како демонстратор 4 x 15 x 0,03 | 1,8 |
| 2. | Зимски семестар 2004/2005: вежби по предметите светска книжевност (0+2) и книжевност за деца (0+2) како демонстратор 4 x 15 x 0,03 | 1,8 |
| 3. | Летен семестар 2004/2005: вежби по предметите светска книжевност (0+2) и книжевност за деца (0+2) како демонстратор 4 x 15 x 0,03 | 1,8 |
| 4. | Зимски семестар 2005/2006: вежби по предметите светска книжевност (0+2) и книжевност за деца (0+2) како демонстратор 4 x 15 x 0,03 | 1,8 |
| 5. | Летен семестар 2005/2006: вежби по предметите светска книжевност (0+2) и книжевност за деца (0+2) како демонстратор 4 x 15 x 0,03 | 1,8 |
| 6. | Зимски семестар 2006/2007: вежби по предметите светска книжевност (0+2) и книжевност за деца (0+2) како демонстратор 4 x 15 x 0,03 | 1,8 |
| 7. | Летен семестар 2006/2007: вежби по предметите светска книжевност (0+2), книжевност за деца (0+2) и нова македонска книжевност (0+2) како демонстратор 6 x 15 x 0,03 | 2,7 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 8. | Зимски семестар 2007/2008: вежби по предметите светска книжевност (0+2), книжевност за деца (0+2) и нова македонска книжевност (0+2) како демонстратор 6 x 15 x 0,03 | 2,7 |
| 9. | Летен семестар 2007/2008: вежби по предметите светска книжевност (0+2), книжевност за деца (0+2) и нова македонска книжевност (0+2) како демонстратор 6 x 15 x 0,03 | 2,7 |
| 10. | Зимски семестар 2008/2009: вежби по предметите светска книжевност 1 (МК и МЈ) (0+4), светска книжевност за деца (0+2), книжевност за деца 1 (0+2), нова македонска книжевност - преродба (0+2) и македонска книжевност 19 век 1 (0+2) како помлад асистент 12 x 15 x 0,03 | 5,4 |
| 11. | Зимски семестар 2009/2010: вежби по предметите светска книжевност 1 (МК и МЈ) (0+4), светска книжевност за деца (0+2), книжевност за деца 1 (0+2), нова македонска книжевност – преродба (0+2) и македонска книжевност 19 век 1 (0+2) како помлад асистент 12 x 15 x 0,03 | 5,4 |
| 12. | Летен семестар 2009/2010: вежби по предметите светска книжевност 2 (МК и МЈ) (0+4), македонска и јужнословенски книжевности за деца (0+2), книжевност за деца 2 (0+2), Нова македонска книжевност – романтизам и реализам (0+2) и македонска книжевност 19 век 2 (0+2) како асистент 12 x 15 x 0,03 | 5,4 |
| 13. | Зимски семестар 2010/2011: вежби по предметите Светска книжевност 1 (МК и МЈ) (0+4), светска книжевност за деца (0+2), нова македонска книжевност – преродба (0+2), македонска книжевност 19 век 1 (0+2) и македонска култура и цивилизација 1 (0+2) како асистент 12 x 15 x 0,03 | 5,4 |
| 14. | Зимски семестар 2011/2012: вежби по предметите Светска книжевност 1 (МК и МЈ) (0+4), светска книжевност за деца (0+2), нова македонска книжевност – преродба (0+2), македонска книжевност 19 век 1 (0+2) и македонска култура и цивилизација 1 (0+2) како асистент 12 x 15 x 0,03 | 5,4 |
| 15. | Летен семестар 2011/2012: вежби по предметите светска книжевност 2 (МК и МЈ) (0+4), македонска и јужнословенски книжевности за деца (0+2), нова македонска книжевност – романтизам и реализам (0+2), македонска книжевност 19 век 2 (0+2) и македонска култура и | 5,4 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | цивилизација 2 (0+2) како асистент 12 x 15 x 0,03 | |
| 16. | Зимски семестар 2012/2013: вежби по предметите светска книжевност 1 (МК и МЈ) (0+4), светска книжевност за деца (0+2), нова македонска книжевност – преродба (0+2), македонска книжевност 19 век 1 (0+2) и македонска култура и цивилизација 1 (0+2) како асистент 12 x 15 x 0,03 | 5,4 |
| 17. | Летен семестар 2012/2013: вежби по предметите светска книжевност 2 (МК и МЈ) (0+4), македонска и јужнословенски книжевности за деца (0+2), нова македонска книжевност – романтизам и реализам (0+2), македонска книжевност 19 век 2 (0+2) и македонска култура и цивилизација 2 (0+2) како асистент 12 x 15 x 0,03 | 5,4 |
| 18. | Зимски семестар 2013/2014: вежби по предметите Светска книжевност 1 (МК и МЈ) (0+4), светска книжевност за деца (0+2), нова македонска книжевност – преродба (0+2), македонска книжевност 19 век 1 (0+2) и македонска култура и цивилизација 1 (0+2) како асистент 12 x 15 x 0,03 | 5,4 |
| 19. | Летен семестар 2013/2014: вежби по предметите светска книжевност 2 (МК и МЈ) (0+4), македонска и јужнословенски книжевности за деца (0+2), нова македонска книжевност – романтизам и реализам (0+2), македонска книжевност 19 век 2 (0+2) и македонска култура и цивилизација 2 (0+2) како асистент 12 x 15 x 0,03 | 5,4 |
| 20. | Зимски семестар 2014/2015: вежби по предметите светска книжевност 1 (МК и МЈ) (0+4), светска книжевност за деца (0+2), нова македонска книжевност – преродба (0+2), македонска книжевност 19 век 1 (0+2) и македонска култура и цивилизација 1 (0+2) како асистент 12 x 15 x 0,03 | 5,4 |
| 21. | Летен семестар 2014/2015: вежби по предметите светска книжевност 2 (МК и МЈ) (0+4), македонска и јужнословенски книжевности за деца (0+2), нова македонска книжевност – романтизам и реализам (0+2), македонска книжевност 19 век 2 (0+2) и македонска култура и цивилизација 2 (0+2) како асистент 12 x 15 x 0,03 | 5,4 |
| | **Консултации со студенти** | |
| 1. | Учебна година 2008/2009 број на студенти 50 (50 x 0,002 x 2 семестри) | 0,2 |
| 2. | Учебна година 2009/2010 број на студенти 50 (50 x 0,002 x 2 семестри) | 0,2 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 3. | Учебна година 2010/2011 број на студенти 50 (50 x 0,002 x 2 семестри) | 0,2 |
| 4. | Учебна година 2011/2012 број на студенти 50 (50 x 0,002 x 2 семестри) | 0,2 |
| 5. | Учебна година 2012/2013 број на студенти 50 (50 x 0,002 x 2 семестри) | 0,2 |
| 6. | Учебна година 2013/2014 број на студенти 50 (50 x 0,002 x 2 семестри) | 0,2 |
| 7. | Учебна година 2014/2015 број на студенти 50 (50 x 0,002 x 2 семестри) | 0,2 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |
| 1. | Член на 29 комисии за одбрана на дипломска работа (2012-2015) 29 x 0,1<br><br>„Психолошкиот расказ на Лаза К. Лазаревиќ" (Јасна Максимовска, април 2012);<br><br>„Феноменот на прометејството во делото на Лаза Костиќ" (Лидија Цветаноска, април 2012);<br><br>„Мотивот на 'идеалната драга' во српската романтичарска поезија" (Маја Димоска, јуни 2012);<br><br>„Животот и делото на Доситеј Обрадовиќ" (Владимир Јанчевски, јуни 2012);<br><br>„Специфичности (карактеристики) на романтичарскиот роман (Гете и Пушкин)" (Катерина Беличевска, септември 2012);<br><br>„Сатирично-алегорискиот расказ на Радое Домановиќ" (Милица Весовиќ, октомври 2012);<br><br>„Драмскиот Хамлет и романескниот Дон Кихот" (Владана Ристиќ, декември 2012);<br><br>„Сликарските и музичките елементи во српскиот романтизам" (Надица Бисиновска, декември 2012);<br><br>„Психолошкиот реализам во романите на Ф. М. Достоевски" (Јована Денесовска, април 2013);<br><br>„Сказноликоста во *Хари Потер и каменот на мудроста*" (Ѓурѓица Костадиновска, мај 2013); | 2,9 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | „Драмите на Вилијам Шекспир" (Ана Гаврилова, мај 2013);<br><br>„Преку алегоријата до смислата на секојдневните мали и големи работи (*Малиот принц* и *Ние, врапчињата*)" (Елена Јоновска, мај 2013);<br><br>„Ремитологизација на митот за Сизиф во *Странецот* од Албер Ками" (Ивана Бибовска, јуни 2013);<br><br>„Драмите на Антон Павлович Чехов" (Маја Ташковска, септември 2013);<br><br>„Функциите на ликовите во *Страдањата на младиот Вертер* од Ј. В. Гете" (Евгенија Гичева, септември 2013);<br><br>„Психолошкиот реализам на Лаза К. Лазаревиќ" (Билјана Тодоровска, септември 2013);<br><br>„Одразот на филозофијата на апсурдот врз главните ликови во делата *Странецот* од А. Ками и *Процес* од Ф. Кафка" (Магдалена Ивковска, септември 2013);<br><br>„Низ реалното и фантастичното до секојдневните проблеми (*Девојчето со две имиња* и *Двојната Лота*)" (Биљана Ангеловска, септември 2013);<br><br>„Реторика и јавен настап" (Сами Неби, септември 2013);<br><br>„Книжевната манифестација на епилепсијата во романите на Ф. М. Достоевски" (Гордана Ацевска, септември 2013);<br><br>„Ерос vs Танатос vs Патос, кој нагон ќе го покаже вистинскиот оптикум за животот кај ликовите низ делата на Лав Николаевич Толстој (*Смртта на Иван Илич, Отец Сергеј* и *Којцеровата соната*)" (Илија Илов, септември 2013);<br><br>„Функцијата на ликовите во драмите *Вујко Вања* и *Вишновата градина* на А. П. Чехов" (Стефанија Малинкова, септември 2013);<br><br>„Историските референци во романите *Војна и мир* и *Ана Каренина* на Лав Николаевич Толстој" (Маринела Јованоска, октомври 2013);<br><br>„Функциите на ликовите во романот *Клетници* од Виктор Иго" (Маријана Јакимовска, декември 2013);<br><br>„Универзалноста на митовите во епот за Гилгамеш" (Андријана Илијоска, | |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | септември 2014);<br>„Културата на античките Македонци“ (Младен Витларов, октомври 2014);<br>„Ликовите и мотивите во Хомеровата *Илијада*“ (Филип Ристески, ноември 2014);<br>„Моралните дилеми на Толстој во делата *Ана Каренина* и *Отец Сергеј*“ (Сунај Копач, ноември 2014);<br>„Вечната агонија на Дон Кихот“ (Устијанка Скрческа, декември 2014). | |
| | **Вкупно** | **88** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание** | |
| 1. | Тасевска, Искра. 2006. *Една поинаква историска перспектива во „Историјата“ на Ѓорѓија Пулевски.* Литературен збор 1-3. Скопје: Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература, 173-180. | 4 |
| 2. | Тасевска Хаџи-Бошкова, Искра. 2010. *Феминистичко-психолошки и културолошки аспекти на женскоста (прв дел).* Литературен збор 1-3, год. LV. Скопје: Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература, 103-112. | 4 |
| 3. | Тасевска Хаџи-Бошкова, Искра. 2010. *Феминистичко-психолошки и културолошки аспекти на женскоста (втор дел).* Литературен збор 4-6, год. LVII. Скопје: Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература, 2010, 131-139. | 4 |
| 4. | Tasevska Hadži-Boškova, Iskra. 2011. *The Carnivalesque "monde a l'envers" and the Parody in the Novel "The Burlesque of Master Perun, God of Thunder" by Rastko Petrovic.* Serbian Studies Research, vol. 1, no. 1, 2010. Novi Sad: Naučno udruženje za razvoj srpskih studija (Association for the Development of Serbian Studies), 131-141. | 4 |
| 5. | Tasevska Hadji Boshkova, Iskra. 2011. *The Enlargement of Various Definitions - Parody and Its Revival.* FOLIA linguistica et litteraria : časopis za nauku o jeziku i književnosti / urednik Marija Knežević, br. 3-4 . Nikšić : Filozofski fakultet, Institut za jezik i književnost, 2011, 315-327. | 4 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 6. | Тасевска Хаџи-Бошкова, Искра. 2012. *Културната историја како предуслов за повеќенасочно историско паметење.* Литературен збор, 1-3, год. LIX. Скопје: Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература, 107-116. | 4 |
| 7. | Тасевска Хаџи-Бошкова, Искра. 2012. *Неуморен истражувач на трагите (Блаже Ристовски за македонистот Петар Драганов).* Прилози XXXVII 1-2. Скопје: МАНУ, Одделение за лингвистика и литературна наука, 337-348. | 4 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 1. | Тасевска Хаџи-Бошкова, Искра. 2011. *Идентитетот како реинтегрирано културно наследство во „Историјата“ на Ѓорѓија Пулевски.* Спектар 57, год. XXIX. Скопје: Институт за македонска литература, 2011, 199-210. | 6 |
| 2. | Tasevska Hadji Boshkova, Iskra. 2012. *Phenomenological Subjectivity as an Intersection Between Philosophy and Literature.* Mediterranean Journal of Social Sciences, vol. 3. No. 7, April 2012. Italy, Rome: Sapienza University of Rome and Mediterranean Center of Social and Educational Research, 2012, 255-259. Impact factor 0,377. | 6,37 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание** | |
| 1. | Тасевска, Искра. 2008. *Романот „Конакчии“ како средиште на интерпретативни интерференции.* Стремеж 3-4, год. LIV. Прилеп: Национална установа – Центар за култура „Марко Цепенков“, 29-40. | 2 |
| 2. | Тасевска Хаџи-Бошкова, Искра. 2009. *Фантастиката на двојноста како можен феномен на фолклорната фантастика во Чинговата Пасквелија.* Стремеж 1-2, год. LV. Прилеп: Национална установа – Центар за култура „Марко Цепенков“, 104-120. | 2 |
| 3. | Тасевска Хаџи-Бошкова, Искра. 2010. *Туѓиот говор (хетероглосијата) и неговите формално-дискурзивни елементи низ теориските промислувања на Михаил М. Бахтин.* Електронско списание „Мираж“ (www.mirage.com.mk), 24 октомври 2010. | 2 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| 1. | Тасевска Хаџи-Бошкова, Искра. 2010. *„Оживеаната“ расказност во ерата на методолошкиот плурализам (Атанас Вангелов – „Теорија на прозата“).* Зборник од научниот собир посветен на проф. д-р Атанас Вангелов (15-16.12.2009). Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2010, 171-177. | 2 |
| 2. | Тасевска Хаџи-Бошкова, Искра. 2011. *Вистината како преобразена веродостојност – имплицитната историчност во* | 2 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | *патописите и афоризмите на Јордан Хаџи Константинов Џинот.* Зборник *Истина, мистификация, лъжа в славянските езици, литератури и култури.* София: Лектура, 502-508. | |
| 3. | Тасевска Хаџи-Бошкова, Искра. 2012. *Согледувањата на Блаже Конески за македонската култура во 19 век како форма на симболичното толкување на културата.* Меѓународен научен симпозиум *Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура* (15-16 декември 2011 година во Скопје). Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 695-702. | 2 |
| 4. | Tasevska Hadji Boshkova, Iskra. 2012. *Literary Genres in the 19th Century Macedonian Literature and the Dislocation of the Predominant (Authorial) Voice.* Literary Dislocations (Congress Proceedings), ed. Sonja Stojmenska-Elzeser and Vladimir Martinovski. Skopje: Institute of Macedonian Literature, 429-439. | 2 |
| 5. | Тасевска Хаџи-Бошкова, Искра. 2012. *Во пранѓите на интерпретацијата – повеќе од дискурс, помалку од знак (Крсте Чачански и Данило Киш).* Prolínání slovanských prostředí, ed. Marcel Černý, Kateřina Kedron, Marek Příhoda. Praha: Červený Kostelec, 161-168. | 2 |
| 6. | Тасевска Хаџи-Бошкова, Искра. 2013. *Авторот како препејувач и препејувачот како автор – за двете преобразби на поемата „Сердарот".* Творечкиот лик на Георги Сталев Поповски (Зборник од научниот собир одржан на 19 и 20 мај 2011 година). Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 191-203. | 2 |
| 7. | Тасевска Хаџи-Бошкова, Искра. 2013. *Гротескното преобликување како можност за жанровска интерференција (од Аристофан до Сервантес).* Сите лица на смешното – од антиката до денес (Зборник на трудови од научната работилница одржана на 11 мај 2012 година). Скопје: Друштво за компаративна книжевност на Македонија и Друштво на класични филолози „Антика", 183-192. | 2 |
| 8. | Tasevska Hadji Boshkova, Iskra. 2013. *The Specific Ideology of Realist Discourse, and the Construction of the Novelistic World.* Coimbra: Centro de Literatura Portuguesa, 169-177. | 2 |
| 9. | Тасевска Хаџи-Бошкова, Искра. 2014. *Његошевата таксиномија – спознанието и заборавањето.* Зборник од научниот собир „Македонија за Његош", одржан на 14 и 15 ноември 2013 година. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје, 119-132. | 2 |
| | **Трудови објавени во зборник на трудови на високообразовна институција** | |
| 1. | Тасевска Хаџи-Бошкова, Искра. 2008. *Јоаким Крчовски – уметник на литературниот логос и литерарните трансформации.* Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", кн. 34. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 157-164. | 2 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 2. | Тасевска Хаџи-Бошкова, Искра. 2009. *Маскираната карневализација во „Слово за празниците" на Кирил Пејчиновиќ*. Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", кн.35. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 331-338. | 2 |
| 3. | Тасевска Хаџи-Бошкова, Искра. 2010. *Интертекстуалноста како семиотичка и амбивалентна релација во романот „Дон Кихот" од Мигел де Сервантес Сааведра*. Годишен зборник на Филолошкиот факултет, кн. 36. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 443-452. | 2 |
| 4. | Тасевска Хаџи-Бошкова, Искра. 2011. *Хронотопот како жанровска и референцијална специфичност во литературата за деца (Јадранка Владова и Живко Чинго)*. Годишен зборник на Филолошкиот факултет, кн. 37. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 49-60. | 2 |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| 1. | *„Оживеаната" расказност во ерата на методолошкиот плурализам (Атанас Вангелов – „Теорија на прозата")*, реферат презентиран на научниот собир посветен на проф. д-р Атанас Вангелов, одржан на 15 и 16 декември 2009 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. | 1 |
| 2. | *Вистината како преобразена веродостојност – имплицитната историчност во патописите и афоризмите на Јордан Хаџи Константинов Џинот*, реферат презентиран на Десеттите национални славистички читања, одржани на 22-24 април 2010 год. на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Софија. | 1 |
| 3. | *Авторот како препејувач и препејувачот како автор – за двете преобразби на поемата „Сердарот"*, реферат презентиран на научниот собир посветен на проф. д-р Георги Сталев Поповски, одржан на 19 и 20 мај 2011 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. | 1 |
| 4. | *Literary Genres in the 19th Century Macedonian Literature, and the Dislocation of the Predominant (Authorial) Voice*, реферат презентиран на IV интернационален конгрес на Меѓународната мрежа за компаративни литературни студии „Литературни дислокации", одржан во Скопје и Охрид од 1 до 3 септември 2011 година. | 1 |
| 5. | *Во прангите на интерпретацијата – повеќе од дискурс, помалку од знак (Крсте Чачански и Данило Киш)*, реферат презентиран на Седмата конференција на млади слависти, одржана на 3 и 4 ноември 2011 година на Филозофскиот факултет при Карловиот Универзитет во Прага. | 1 |
| 6. | *Идентитетот како реинтегрирано културно наследство во „Историјата" на Ѓорѓија Пулевски*, реферат презентиран на меѓународниот научен симпозиум „Македонскиот идентитет: | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | литература, јазик, историја, култура“ (Скопје, 7-8 ноември 2011). | |
| 7. | *Согледувањата на Блаже Конески за македонската култура во 19 век како форма на симболичното толкување на културата*, реферат презентиран на меѓународниот научен сипозиум *Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура*, одржан на 15 и 16 декември 2011 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. | 1 |
| 8. | *Phenomenological Subjectivity as an Intersection Between Philosophy and Literature*, постер-презентација на Втората интернационална конференција на хуманистичките и на социјалните науки (Second International Conference on Human and Social Sciences ICHSS 2012), одржана на 24 март 2012 година во Тирана. | 0,5 |
| 9. | *Гротескното преобликување како можност за жанровска интерференција (од Аристофан до Сервантес)*, реферат презентиран на научната работилница „Сите лица на смешното (од антиката до денес)“, одржана во Скопје на 11 мај 2012 година. | 1 |
| 10. | *Његошевата таксиномија – спознанието и заборавањето*, реферат презентиран на научниот собир „Македонија за Његош“, одржан на 14 и 15 ноември 2013 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. | 1 |
| 11. | *Aesthetics of Discourse – Discourse of Aesthetics*, реферат презентиран на меѓународната научна конференција под наслов „Креативното пишување и критичките пристапи кон литературата“, одржана на 25 и 26 април 2014 година на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово. | 1 |
| 12. | *Genres of Popular Culture and Their Aesthetic Value*, реферат презентиран на меѓународната научна конференција под наслов „Популарната култура: поглед одоздола“, одржана на 3 и 4 ноември 2014 година во Македонската академија на науките и уметностите во Скопје. | 1 |
| | **Вкупно** | **83,87** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | **Книга од стручна област** | |
| 1. | Тасевска Хаџи-Бошкова, Искра. 2015. *Бахтин и стилското разногласие во македонската литература*. Скопје: Македоника литера. | 8 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | **Лекторирање на книги на македонски јазик** | |
| 1. | Августин, Аврелиј. 2008. *За државата божја*. Скопје: Култура. | 1 |
| 2. | Кемпбел, Ребека. 2008. *Зависна од мода*. Скопје: Култура. | 1 |
| 3. | Конели, Мајкл. 2008. *Видиковец*. Скопје: Култура. | 1 |
| 4. | Кумсон, Дороти. 2008. *Ќерката на мојата најдобра пријателка*. Скопје: Култура. | 1 |
| 5. | Мартин, Стив. 2008. *Продавачка*. Скопје: Култура. | 1 |
| 6. | Сајкс, Плам. 2008. *Русокоси со став*. Скопје: Култура. | 1 |
| 7. | Фалконес, Илдефонсо. 2008. *Катедралата на морето*. Скопје: Култура. | 1 |
| 8. | Фуџимори, Асука. 2008. *Микрокосмос*. Скопје: Култура. | 1 |
| 9. | Бидалф, Стив и Шерон. 2009. *Како се одгледуваат синовите*. Скопје: Култура. | 1 |
| 10. | Бидалф, Стив и Шерон. 2009. *Вештината на љубовта*. Скопје: Култура. | 1 |
| 11. | Буковски, Чарлс. 2009. *Шекспир никогаш не го правел ова*. Скопје: Култура. | 1 |
| 12. | Варли, Џејн Елизабет. 2009. *Жени и љубовници*. Скопје: Култура. | 1 |
| 13. | Василевски, Ѓорги. 2009. *Филмска енциклопедија*. Скопје: Култура. | 1 |
| 14. | Даунер, Лесли. 2009. *Последната конкубина*. Скопје: Култура. | 1 |
| 15. | Зимлер, Ричард. 2009. *Последниот лисабонски кабалист*. Скопје: Култура. | 1 |
| 16. | Иванович, Џенет. 2009. *Љубовта на Стефани Плам*. Скопје: Култура. | 1 |
| 17. | Кослоу, Сали. 2009. *Мали слатки откази*. Скопје: Култура. | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 18. | Кочовски, Никола. 2009. *Соседовата кокошка*. Скопје: Култура. | 1 |
| 19. | Кумсон, Дороти. 2009. *Колачиња за појадок*. Скопје: Култура. | 1 |
| 20. | Мирбо, Октав. 2009. *Дневникот на една собарка*. Скопје: Култура. | 1 |
| 21. | Патерсон, Џејмс. 2009. *Дневникот на Сузана за Николас*. Скопје: Култура. | 1 |
| 22. | Потер, Александра. 2009. *Која е таа девојка*. Скопје: Култура. | 1 |
| 23. | Пројшоф, Гизела. 2009. *Како да се одгледуваат ќерките*. Скопје: Култура. | 1 |
| 24. | Робертс, Нора. 2009. *Славни во смртта (Како Џ. Д. Роб)*. Скопје: Култура. | 1 |
| 25. | Сасон, Џин. 2009. *Љубов во ранетата земја*. Скопје: Култура. | 1 |
| 26. | Спид, Џон. 2009. *Танчерката од храмот*. Скопје: Култура. | 1 |
| 27. | Фалконер, Колин. 2009. *Мојата преубава шпионка*. Скопје: Култура. | 1 |
| 28. | Шелдон, Сидни. 2009. *Пеколни планови*. Скопје: Култура. | 1 |
| 29. | Немат, Марина. 2010. *Заробени сништа*. Скопје: Култура. | 1 |
| 30. | Продановиќ, Милета. 2014. *Ултрамарин*. Скопје: Магор. | 1 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| | **Член на факултетска комисија** | |
| 1. | Член на Комисијата за попис на библиотечниот фонд (Катедра за македонска книжевност и јужнословенски книжевности) во 2009 година. | 0,5 |
| 2. | Член на Комисијата за попис на библиотечниот фонд (Катедра за македонска книжевност и јужнословенски книжевности) во 2010 | 0,5 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | година. | |
| 3. | Член на Комисијата за попис на библиотечниот фонд (Катедра за македонска книжевност и јужнословенски книжевности) во 2012 година. | 0,5 |
| 4. | Член на Комисијата за избор за најдобар есеј по повод патрониот празник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, декември 2013 година. | 0,5 |
| 5. | Член на Универзалната единица за заштита и спасување при формираниот Штаб за заштита и спасување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје од јуни 2014 година. | 0,5 |
| | **Вкупно** | **40,5** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 88 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 83,87 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 40,5 |
| **Вкупно** | 212,37 |

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. **Проф. д-р Венко Андоновски, с.р**
2. **Проф. д-р Добрила Миловска, с.р**
3. **Проф. д-р Кристина Николовска, с.р**